Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На **06.12.2018** година, Националниот превентивен механизам спроведе редовна ненајавена посета на Полициската станица за гранични проверки Аеродром Охрид.

Посетата произлегува од мандатот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, предвиден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување. Со Факултативниот протокол се дефинира спроведување на редовни посети на местата каде што може да се врши лишување на лица од слобода, со цел идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

НПМ тимот наиде на добра соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во Полициската станица, кои овозможија непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

Во дежурната просторија, која што се наоѓа на самиот влез на Полициската станица, на видно место е поставен „*Кодексот на полициската етика*“, а истакнати се и поуки за „*Правата на жртвите на кривични дела*“, на повеќе јазици, како и „*Дали ги знаете вашите права*“, на повеќе јазици.

При извршениот увид во канцелариите не беа забележани средства, ниту останати сомнителни предмети со коишто би можело да се врши заплашување на приведените, односно лицата лишени од слобода и задржани лица.

Полициската станица не располага со посебна просторија за баратели на азил, ниту се забележани истакнати информации за барателите на азил. Исто така, Полициската станица нема листа на адвокати регистрирани во Адвокатскиот роковник издаден од Адвокатска комора на РСМ, во случаи кога

повиканите, приведените и лицата лишени од слобода, сакаат да го искористат правото да повикаат бранител.

НПМ тимот утврди дека во ПС за ГП Аеродром Охрид за полициските службеници се организираат редовни и континуирани обуки на најразлични тематски содржини, а дел од поискусните полициски службеници држат обуки како ментори.

Полициската станица за ГП Аеродром Охрид нема посебни простории за задржување на лица на коишто им е одбиен влез во Република Северна Македонија. Во случаите кога има потреба од задржување во Станицата, разговорите ги вршат во канцеларијата на заменик-командирот.

НПМ тимот констатира дека, ПС за ГП Аеродром Охрид не располага со база на овластени преведувачи или толкувачи на странски јазици.

НПМ тимот утврди дека има недоволна информираност на полициските службеници од областа на азилот и ниско ниво на познавање на мерките поврзани со упатување на лица на кои им е потребна, или имаат намера да побараат меѓународна заштита.

Хигиената во просториите беше на соодветно ниво, а во канцеларијата на заменик-командирот, во којашто се вршат во исклучителни ситуации разговори со лицата коишто се краткотрајно приведени во Полициската станица, немаше истакнато поуки за правата.

НПМ тимот, при увид во Регистрите за евиденција утврди дека од страна на полициските службеници е нотиран пропуст, едно досие не беше достапна, поради тоа полициската станица мора да ги чува и да ги има достапни во секое време, документите за сите настани преземени во текот на работењето.

За посетата, Националниот превентивен механизам изготви Посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде конкретни препораки до Министерството за внатрешни работи, како и до командирот на Полициската станица, со цел да се елиминираат укажаните недостатоци и да се подобрат условите и постапувањето со лицата лишени од слобода, приведените и задржаните лица.